АСЈО
Академија за судии
и јавни обвинители

# Судија на претходна постапка;
# Доказно рочиште;
# Спогодување;
# Мерки за обезбедување





**г-а Зуица Наумова, судија во пензија,**
**Апелационен суд Скопје**

# Нов модел на кривична постапка



- Доегашната **мешовита** кривична постапка со нагласени <u>инквизиторни</u> елементи се преуредува во **акузаторна** постапка
- **Судот се растоварува од обврската самиот по службена должност да го разјаснува случајот**
- Барањето на материјалната вистина се заменува со процедурална правичност
- Непристрасност и забрзување



# Надлежност на судијата за претходна постапка

Истиот не е замена за истражниот судија, истиот не собира и изведува докази, не испитува и истражува





# Дефиниција ( Чл.21)

за слободите и правата на обвинетиот во случај пропишан со Уставот на Република Македонија, со закон и меѓународен договор ратификуван во согласност со Уставот на Република Македонија

за други работи определени со овој закон

**Одлучува**

по жалбите против неговите одлуки одлучуваат првостепените судови во состав од тројца судии

може да даде предлог за пренесување на месната надлежност

# Надлежност на судијата на претходна постапка во истражна постапка

- по донесувањето на наредба за спроведување на истражна постапка, до СПП јавниот обвинител може да стави образложен предлог за определување на мерка притвор или други мерки за обезбедување на присуство на обвинетиот,кој е  должен без одлагање да го разгледа ваквиот предлог и веднаш да одлучи по него, а ако  не се сложи со предлогот на јавниот обвинител, за тоа ќе донесе посебно образложено решение.





## Надлежност на судијата на претходна постапка во истражна постапка

- по предлог на јавниот обвинител, издава наредба за претрес на стан, други простории и лица. Ако судијата не се сложи со ваквиот предлог на јавниот обвинител, ќе побара да донесе одлука за тоа советот од член 25 став (5) од овој закон во рок од 24 часа.
- по предлог на јавниот обвинител, судијата на претходната постапка издава наредба за спроведување на посебните истражни мерки.



## Надлежност на судијата на претходна постапка во истражна постапка

- по предлог на ЈО определува имотот или средствата да се ставаат под надзор на судот и издава некоја од мерките за привремено обезбедување на имотот или средствата што се во врска со кривично дело.
- постапува во постапка за меѓународна соработка во кривична материја според овластувањата определени со посебен закон.





# ДОКАЗНО РОЧИШТЕ

# Карактеристики на доказното рочиште

- Се одржува во текот на истражна постапка
- Пред судијата на претходна постапка
- На барање на една од странките

**ДОКАЗНО РОЧИШТЕ**

# Цел на доказното рочиште

- **ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ДОКАЗ ОД СТРАНА НА НЕЗАВИСЕН ОРГАН:**
  - кој подоцна **нема да може** да се обезбеди
  - неговото обезбедување ќе биде сврзано со **несразмерни тешкотии**



# Причини за одржување доказно рочиште

Сведокот е изложен на насилство, закана, ветување на пари или друга корист, за да не сведочи или лажно да сведочи




Сведокот поради болест или смрт нема да може да се испита на главната расправа

Потребно е вештачење, а состојбата на доказите е подложна на неизбежни промени

# Постапка за доказно рочиште

**БАРАЊЕТО ГО ПОДНЕСУВААТ СТРАНКИТЕ**

**СЕ НАВЕДУВААТ**:

- доказите кои се предлагаат да се изведат
- причината поради која доказите неможат да се изведат на главната расправа

- **СУДИЈАТА НА ПРЕТХОДНА ПОСТАПКА** одлучува со решение во рок од **три дена**

- **СОДРЖИНА НА РЕШЕНИЕТО:**
  - доказите кои ќе се изведат
  - датумот на кој ќе се одржи рочиштето

# Услови за одржување на доказно рочиште



# Изведување на докази

- **Исти правила** како за главна расправа
- **Недозволеност** за изведување на докази кои се однесуваат за осомничен чиј бранител не е присутен
- **Употреба** на доказите на **главната расправа:**
  - **само** против оној обвинет чиј бранител бил присутен во текот на изведувањето на доказите
  - **освен** ако обвинетиот изречно се откажал од правото на бранител

# Одлагање на доказното рочиште

- Јавниот обвинител
- Осомничениот

Ако би се загрозиле дејствија кои се преземаат во истражна постапка

- Одлагање може да се побара само **еднаш**
- Се одлага во рок **не подолг** од неопходниот за завршување на истражните дејствија

# СПОГОДУВАЊЕ согласно ЗКП

## во истражна постапка и
## во фаза на обвинение

## Зошто спогодување во кривична постапка?

РЕДОВНА ПОСТАПКА
↓
НАГЛАСЕН ФОРМАЛИЗАМ
↓
СПОРОСТ
↓
НЕФЛЕКСИБИЛНОСТ
↓
НЕЕФИКАСНОСТ

ДОГОВОРНА ПРАВДА
↓
ФЛЕКСИБИЛНОСТ
↓
ЗАШТЕДА НА ТРОШОЦИ И ВРЕМЕ
↓
ВЗАЕМНО ПРИФАТЛИВ КРАЕН ИСХОД
↓
ОДБЕГНУВАЊЕ НА ПРАВНИТЕ ЛЕКОВИ

## КАРАКТЕРИСТИКИ НА СПОГОДУВАЊЕТО

- Иницијативност и диспозиција на волја на странките
- Подготвеност на странките да се прифати предлогот од другата страна, да се преговара, да се изнајде компромисно решение
- Растоварување на судот
- Економска исплатливост
- Пресуда во поран стадиум
- Положба на оштетен
- Не е важна тежината на кривичното дело
- Модел на спогодување – спогодување за кривичната санкција
- Задолжително присуство на бранител
- Изречна забрана за учество на судот во спогодувањето

## СТАТУС НА
## ИЗЈАВАТА ЗА ПРИЗНАВАЊЕ ВИНА

- ✓ Во истражна постапка – не е потребна за да се пристапи кон постапка за спогодување
- ✓ Во фаза на оценка на обвинителен акт – изјавата е предуслов за отпочнување на постапка за спогодување

**ПОДНЕСУВАЊЕ ИЗЈАВА ЗА ПРИЗНАВАЊЕ ВИНА**

- ✓ 8 дена по прием на обвинителниот акт може да поднесе изјава за сите или само за дел од кривичните дела содржани во обвинителниот акт
- ✓ На рочиште за оценка на обвинителниот акт осомничениот може да изјави дека се чувствува виновен за сите или за одделни кривични дела од обвинувањето

# СПОГОДУВАЊЕ
# ВО ИСТРАЖНАТА ПОСТАПКА

- Предлог-спогодба со диспозиција на волјата на јавниот обвинител и осомничен
- Рок - до поднесување на обвинението
- Услов -

  предлог санкција мора да биде во рамките на пропишаната казна за к.д., но не под границите за ублажување според КЗ

- Ј.О. е должен кон предлог-спогодбата освен докази да приложи и писмена изјава потпишана од оштетениот за имотно-правното барање
- Оценката на предлог-спогодба ја врши судијата за претходна постапка

- Судијата на претходната постапка е должен да ги поучи странките и бранителот:
  - дека може да се откажат од поднесената спогодба до донесување на одлуката од страна на судот, при што ќе се смета како таа воопшто да не била поднесена и сите списи ќе се вратат кај јавниот обвинител за натамошно постапување и
  - дека прифаќањето на предлог-спогодбата се смета за откажување од правото на жалба на донесената пресуда со која во целост се прифаќа поднесената предлог-спогодба
- Странките може да се откажат од поднесената предлог-спогодба, при што откажувањето може да биде:
  - екплицитно - ако јавниот обвинител и осомничениот и неговиот бранител до донесување на одлуката се откажат од поднесената предлог-спогодба или
  - имплицитно - ако јавниот обвинител, осомничениот и неговиот бранител во текот на рочиштето поднесат барање за утврдување санкција различна од санкцијата содржана во предлог-спогодбата

# ЕЛЕМЕНТИ НА ПРЕДЛОГ СПОГОДБАТА

- **воведни податоци:**
  - податоци за учесниците во постапката за спогодување (јавниот обвинител, осомничениот и неговиот бранител) и
  - опис и правна квалификација на кривичните дела на кои се однесува предлог-спогодбата (може да се однесува на сите или на дел од кривичните дела за кои се води истражната постапка)

- **предмет на спогодувањето:**
  - предложената санкција по вид и висина (главна казна, споредна казна, мерка на безбедност, алтернативна мерка или други мерки предвидени во КЗ) и/или
  - вид и висина на имотно-правното побарување и начинот на негово остварување, доколку осомничениот дал согласност тоа да биде предмет на спогодувањето

# ЕЛЕМЕНТИ НА ПРЕДЛОГ СПОГОДБАТА

- **изјави од странките**:
  - изјава на осомничениот дека свесно и доброволно ја прифаќа предлог-спогодбата и последиците што произлегуваат од неа и
  - изјава од јавниот обвинител и осомничениот дека се откажуваат од правото на жалба доколку се донесе пресуда со која ќе биде прифатена предлог-спогодбата

- **начин на надоместување на трошоците на постапката**

- **завршен дел**:
  - потпис на јавниот обвинител, осомничениот и неговиот бранител и
  - датумот и местото на склучувањето на предлог-спогодбата

# Рочиште за оцена на предлог-спогодбата

## (фаза на обвинување)

## РАЗЛИКИ ИСТРАГА - ОБВИНУВАЊЕ

### ИСТРАЖНА ПОСТАПКА

- Надлежен орган – судија на претх.пост
- Рок – 3 дена по прием на предлог-спогодбата
- Присуство – странките и бранителот

### КОНТРОЛА НА ОБВИНЕНИЕ

- Надлежен орган – судија или совет за оценка на обвинителниот акт
- Рочиштето за оцена на обвинителниот акт прераснува во рочиште за оцена на дадената изјава веднаш штом осомничениот дал изјава за признавање на вината

## ОЦЕНА НА ИЗЈАВАТА ЗА ПРИЗНАВАЊЕ НА ВИНА

1. Се цени:
   - доброволност на изјавата и
   - свест кај осомничениот за последиците од изјавата (имотно-правно побарување и трошоци)
   - дали има доволно докази за вината кон обвинението

2. Изјавата се внесува во запиник

3. Одлука по изјавата:
   - ако се прифати – странките и бранителот имаат рок од 15 дена за поднесување предлог-спогодба
   - ако не се прифати – се констатира ова во записник, се известуваат странките и бранителот, изјавата се издвојува од списите и не смее да се користи во натамошната постапка

# НЕУСПЕШНО СПОГОДУВАЊЕ

- Странките **не поднесат предлог-спогодба** во предвиденот рок од 15 дена
- Продолжува со рочиштето за оценка на поднесеното обвинение
- Претпоставка:  изјавата воопшто не била дадена
- Обврска: изјавата се издвојува од списите и не смее да се користи во натамошната постапка

# ОЦЕНА НА ПРЕДЛОГ – СПОГОДБАТА

- Ако **предлог-спогодба е поднесена** следува нејзина оценка која може да биде:

  - **позитивна** - предлог-спогодбата да биде прифатена, при што судијата или советот за оцена на обвинителниот акт донесува **пресуда** според одредбите за донесување пресуда врз основа на предлог-спогодба или

  - **негативна** - предлог-спогодбата да не биде прифатена, при што судијата или советот за оцена на обвинителниот акт донесува **решение** за неприфаќање на предлог-спогодбата и одлучува во однос на обвинителниот акт. Предлог-спогодбата која не е прифатена не може да се користи како доказ во натамошната кривична постапка

## ПРЕСУДА
## ВРЗ ОСНОВА НА ПРЕДЛОГ-СПОГОДБАТА

- Ако предлог спогодбата се оцени како прифатлива

- Пресуда во која не смее да се изрече санкција различна од онаа содржана во предлог-спогодбата

- Пресудата има елементи на осудителна пресуда

- Се објавува веднаш, писмено за 3 дена

- се доставува на јо, осомничен и бранител

- Примерок од пресудата без одлагање се доставува и на оштетениот - ако не е задоволен со видот и висината на имотно-правното побарување содржано во пресудата, своето право може да го остварува во спор

# Мерки за обезбедување присуство на обвинетиот за успешно водење на кривичната постапка

- покана
- мерки на претпазливост
- приведување
- лишување од слобода
- задржување,
- краткотраен притвор
- гаранција,
- куќен притвор и
- притвор

# Приведување (апсење со налог)

- Чл. 12 од Уставот на РМ по правило бара судски налог
- Наредба издава судот
    - ако постојат основи за притвор,
    - ако е донесено решение за притвор или
    - ако уредно повиканиот обвинет не дојде,а изостанокот не го оправда или го одбегнува приемот на поканата.
- Лицето на кое му е доверено извршувањето на наредбата на обвинетиот му ја предава наредбата и го повикува доброволно да појде со него. Ако обвинетиот одбие доброволно да појде, ќе го приведе присилно
- По исклучок, кога се очекува активен отпор, приведувањето ќе се изврши без претходно предавање на наредбата

# Лишување од слобода без налог на суд

- А. Граѓанско апсење
- Лицето затечено во извршување на кривично дело за кое се гони по службена должност може да го лиши од слобода секој ако постои опасност од бегство за што веднаш се известува полицијата. Лицето лишено од слобода се задржува сè до доаѓањето на полицијата, која мора за тоа веднаш да биде известена
- Лице *затечено* во извршување на кривично дело е
  - лице кое е забележано при вршење на делото
  - Лице кое непосредно по сторено кривично дело е затечено под околности кои укажуваат дека сторило кривично дело

# Лишување од слобода без налог на суд од страна на правосудната полиција

- Б. Правосудната полиција може без одлука на суд да лиши од слобода и лице за кое постојат основи на сомневање дека сторило кривично дело за кое се гони по службена должност само ако постои опасност од одлагање, ако постои некоја од причините за притвор од членот 165 став (1) на овој закон
- ПП е должна веднаш, а најдоцна во рок од 6 часа да го изведе пред судија и за тоа да го извести ЈО
- За причините и за времето на лишувањето од слобода правосудната полиција го известува судијата на претходната постапка, за што составува службена белешка. Ако не е составена службена белешка, судијата ќе го внесе во записник
- При лишувањето од слобода лицето веднаш ќе се запознае за причините за лишувањето од слобода и ќе се поучи за правата освен ако тоа со оглед на околностите на случајот не е можно



# Основи за задржување и поука за правата

- Правосудната полиција, по исклучок, лицето лишено од слобода може да го задржи, ако тоа е потребно заради:
    - утврдување на идентитетот,
    - проверување на алиби или
    - од други причини е потребно да се соберат нужни податоци
- Лицето што е задржано мора да биде известено за причините за лишувањето од слобода и за задржувањето, како и за делото за кое се товари, ќе се поучи за правото на молчење, правото на информирање на семејството или друго лице по негов избор, правото на бранител и на лекарски преглед. На овие права лицето може да се повика веднаш или во кое било време додека е задржано.

# Доведување на задржаниот пред службеникот за прифат

- Лицето лишено од слобода мора во рок од најмногу 6 часа да се доведе пред службеникот за прифат во посебно определените полициски станици,

- Службеникот за прифат
  - со посебно пишано и образложено решение ќе одлучи дали лицето ќе се задржи
  - го известува ЈО веднаш по приемот
  - ги внесува во записник и предметите одземени од лицето
  - наложува претрес на лицето лишено од слобода при неговото доведување
  - ќе наложи лекарски преглед на лицето лишено од слобода



# Доведување на задржаниот пред службеникот за прифат

- Лекарски преглед секогаш ќе се наложи ако лицето се жали на повреда, болка или болест. Службеникот за прифат секогаш ќе праша дали лицето боледува од некаква болест и дали е на некаков медицински третман односно лекарства.

- За лишените од слобода се води посебен регистар во информатичкиот систем на МВР

- Увид и контрола во овој регистар редовно врши ЈО и Народниот правобранител

# Постапка со задржаните лица

- Лицето лишено од слобода може насамо да се советува со адвокат во секое време
- Ако нема свој адвокат или не може да стапи во контакт со него, лицето лишено од слобода може да побара да ја види листата на дежурните адвокати
- Во времето од 20 часот навечер до 8 часот наутро лицето има право да добие адвокат од листата на дежурни адвокати, која ја составува Адвокатската комора (трошоците паѓаат на товар на Буџетот на Република Македонија)
- Странски државјанин има право да контактира со дипломатско-конзуларното претставништво на неговата земја
- Задржувањето може да трае <u>најдолго 24 часа</u> од моментот на лишување од слобода
- По истекот на овој рок задржаното лице мора да се изведе пред надлежниот судија или да биде пуштено на слобода.

# Контрола на законитоста на лишувањето од слобода

- Ако лицето е изведено пред судијата на претходната постапка, тој по службена должност ја испитува законитоста на лишувањето од слобода и задржувањето и е должен тоа да го утврди со решение
- Лицето лишено од слобода/задржаното кое не е изведено пред судијата, може во рок од 30 дена од денот на пуштањето на слобода да бара од судијата на претходната постапка на надлежниот суд да ја испита законитоста и тоа да го утврди со посебно решение
- Против ова решение е дозволена посебна жалба во рок од 48 часа до советот кој решава во рок од три дена

# Изведување пред судија и определување бранител

- Судијата на претходната постапка ќе ги испита двете странки и бранителот за околностите од значење за определување на притворот, а на лицето лишено од слобода кое му е доведено веднаш ќе му соопшти дека може да земе бранител кој може да присуствува на неговото испитување и ако е потребно ќе му помогне да најде бранител.

- Ако во случај на задолжителна одбрана лицето лишено од слобода не земе бранител во рок од 12 часа од часот кога е поучено за ова право или изјави дека не сака да земе бранител, ќе му се назначи бранител по службена должност.

- Веднаш по сослушувањето судијата на претходна постапка ќе одлучи дали лицето лишено од слобода ќе го притвори или ќе го пушти на слобода.

# Краткотраен притвор

- Судијата може по предлог на ЈО со писмено и образложено решение да му определи на лицето лишено од слобода **краткотраен притвор до 48 часа** од доведувањето на лицето лишено од слобода пред судијата на претходна постапка, во случај кога ќе најде дека постои основано сомневање дека лицето е сторител на кривично дело кое му се става на товар и дека постојат основи за определување на мерката притвор **ако јавниот обвинител против лицето сè уште не донел наредба за спроведување истражна постапка**.
- Ако јавниот обвинител по истекот на рокот од 48 часа не поднесе предлог за определување мерка притвор обвинетиот ќе се пушти на слобода.
- Во случаи со поголем број обвинети или други особено сложени случаи по образложено барање на јавниот обвинител, судијата може да го продолжи рокот најмногу за **уште 48 часа**.
- Против решението е дозволена жалба во рок од пет часа од врачувањето до советот кој е должен да реши по жалбата во рок од три часа.

# КУЌЕН ПРИТВОР

- На лицето против кое е определен куќен притвор судот може по исклучок да определи да се оддалечи за одредено време од станот или од друг простор ако:
- - тоа е потребно за лекување или
- - тоа го бараат посебните околности поради кои може да настапат штетни последици по животот, здравјето или имотот на лицето или на неговите блиски

- може да се определи забрана за комуникација со лица или забрана за употреба на средства за комуникација

- почитување на мерките за видео и електронски надзор или да се нареди примена на други мерки, согласно чл.146 од ЗКП

- ако лицето не ги почитува дадените обврски и не се придржува на забраната може да се определи притвор и за тоа ќе се опомени со решението за куќен притвор.

# ПРИТВОР

- се определува по писмен и образложен предлог на овластен тужител и само врз основите што ги навел овластениот тужител во предлогот

- изведување пред судија- рочиште- контрадикторност и зајакнување на еднаквост на оружјето

- ги испитува двете странки и бранителот за околностите од значење за определување на притворот, го поучува лицето лишено од слобода дека може да земе бранител и ќе му помогне да најде бранител, веднаш по испитувањето ќе одлучи дали лицето лишено од слобода ќе го притвори или ќе го пушти на слобода

- посебно се нагласува образложение на решението за притвор како што бара и праксата на ЕСЧП-посебно причините кои ја оправдуваат секоја одделна основа и причините поради кои судот смета дека целта на притворот не може да се оствари со некоја друга мерка на обезбедување на присуство

# ПРИТВОР

- Основи за определување на притвор
- Елементи на решението за притвор
- Траење на притворот во истражна постапка
- Траење на притворот по одобрување на обвинителниот акт
- Притворот по објавување на пресуда
  - во редовна постапка
  - во скратена постапка
- Укинување на притворот

Република Северна Македонија
Академија за судии и јавни обвинители
Павел Шатев

# ГЛАВНА РАСПРАВА



# Карактеристики на главната расправа

Централен, главен дел
на постапка

Принцип на акузаторност
непосредност
контрадикторност

Принципот на еднаквост
на оружјето

Напуштање на начелото на
утврдување на
материјалната вистина

**Главна расправа**

# Новиот концепт на Главната расправа

Судот е пасивен арбитер со раководна, контролна и гарантна улога




Активна улога на странките во собирање, предлагање и презентирање на доказите

Судот одлучува за доказите, за вината и санкцијата

Контролната функција се огледа во правилата и редоследот на изведување на доказите

Начелото на непосредност и усност и искучоците

**<u>Обвинителството</u>** ја има главната улога во докажување на вината

Сестрана подготовка

Вештини во прибирањето на материјалните докази

Умешност во подготовка на сведоците и испитувањето

**<u>Одбраната</u>** има активна улога во оспорување на тезата на обвинителството

Способност за оспорување на доказите на обвинителството

Умешност за дискредитирање на сведоците

Способност за правилна проценка кога да се признае вина и кога обвинетиот да се испита како сведок



# ПОДГОТОВКИ ЗА ГЛАВНА РАСПРАВА

- Рок од **60 дена** за закажување на главна расправа за кривични дела од **организиран криминал**
- За други предмети, **рок од 30 дена**
- **Одбивање** на предложените докази - незаконит предлог; нејасни, нецелосни докази или докази насочени кон значително одолжување на постапката; неважен предлог
- Претседателот на советот **може да ги повика** странките да ги образложат своите докази
- **Образложено** решение со кое **се одбива** предлогот за изведување на докази
- **Непрекинато** одвивање на главната расправа
- Определување на **дополнителни судии и судии поротници**

# ЗАПИСНИК ЗА ГЛАВНА РАСПРАВА

- Не се диктира од страна на претседателот на советот
- Тонско или визуелно-тонско снимање
- Стенографско водење на записник
- Копија од снимката или препис од стенографскиот записник

## ПРЕДНОСТИ НА НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ ЗАПИСНИК

- Целосно, без никакви пропусти евидентирање на се  што се случува и кажува во текот на главната расправа
- Оневозможување  на пропусти при внесувањето на содржината
- Поголема гаранција за веродостојност

## СТЕНОГРАФСКО ВОДЕЊЕ НА ЗАПИСНИК

- Во рок од 48  одржувањето на Главната расправа, ќе се дешифрира и прегледа
- Се потпишува од лицето кое го составува, од странките, како и од судијата-поединец, односно претседателот на советот
- Се прклучува кон списите на предметот

## ВИЗУЕЛНО – ТОНСКО СНИМАЊЕ НА ГЛАВНАТА РАСПРАВА

- Странките имаат право да добијат копија од снимката веднаш или во рок од 24 часа

- Во рок од 3 дена странките треба да добијат препис од стеногрфскиот записник, било во печатена форма или по електронски пат

# ВОВЕДНИ ГОВОРИ

**Воведни говори**

**Редослед**

- **Обвинителот**
- **Бранителот**
- **Обвинетиот ?**

**Цел**



- **Што е предмет на докажување**
- **На кој начин и кои докази ќе бидат презентирани**

# СОДРЖИНА НА ВОВЕДНИТЕ ГОВОРИ

**Странките**

**Што можат**

- Кои решавачки факти ќе се докажуваат
- Преку кои докази
- Правни прашања

**Што не смеат**

- Да се изнесуваат факти од поранешна осудуваност
- Да се изјаснуваат за доказите и наводите на спротивната странка

**Оштетениот/ полномошникот**

Го предјавува имотно-правното барање

**Судот**

Претседателот на советот може воведните говори да ги ограничи на определено време

# ПРИЗНАНИЕ НА ВИНА
# НА ГЛАВНАТА РАСПРАВА

# УСЛОВИ

На првото рочиште за главна расправа

По воведни зборови, а пред почеток на доказна постапка

Без оглед на природата и тежината на кривичното дело

Претседателот на советот **испитува** дали:

- изјавата е дадена доброволно,
- обвинетиот е свесен за последиците од признавањето на вината,
- обвинетиот е свесен за последиците сврзани за имотно-правното побарување и
- обвинетиот е свесен за трошоците.



- Рационализација на доказната постапка – докази за кривична санкција.
- Постоење на доволни докази за вината на осомничениот.
- Елементи на кривичното дело.
- Примена на член 428 од ЗКП при повторно постапување.
- Основи за жалба.

# ОЦЕНА НА ИЗЈАВАТА

**Ако не се прифати** (дадена во заблуда, како резултат од недоволно разбирање на последиците од неа) **- главната расправа продолжува**

**Ако се прифати –** (рационализирање на дејствијата што ја чинат главната расправа) **во доказна постапка се изведуваат само доказите сврзани за кривичната санкција**

**Ако признанието е само за некои кривични дела - за нив постапката ќе се раздвои**


ВОВЕДНИ ГОВОРИ
СУДОТ ГО ПОУЧУВА ОБВИНЕТИОТ ЗА ПРАВАТА
ПРИЗНАНИЕ ОД ОБВИНЕТИОТ
СУДОТ ИСПИТУВА ДОБРОВОЛНОСТИ И СВЕСТ ЗА ПОСЛЕДИЦИТЕ
НЕПРИФАЌАЊЕ НА ПРИЗНАНИЕТО
ПРОДОЛЖУВА КРИВИЧНАТА ПОСТАПКА
ПРИФАТЕНО ПРИЗНАНИЕ
ФАКТИ РЕЛЕВАНТНИ ЗА КРИВИЧНАТА САНКЦИЈА
ДОНЕСУВАЊЕ ПРЕСУДА

# ДОКАЗНА ПОСТАПКА

**Зајкнување на принципот на акузаторност**

**СТРАНКИТЕ**

- изведување на доказите
- испитување на сведоците, вештаците и техничките советници
- испитување на обвинетиот (доколку се врши негово испитување по предлог на одбраната)

**ПРЕТСЕДАТЕЛОТ И ЧЛЕНОВИТЕ НА СОВЕТОТ**

можат да им поставуваат прашања на сведоците, вештаците и техничките советници, откако ќе заврши испитувањето од страна на странките

# РЕДОСЛЕД НА ИЗВЕДУВАЊЕ НА ДОКАЗИТЕ

1. Доказите врз кои се заснова обвинението
2. Доказите кои се однесуваат на имотно правното барање
3. Доказите предложени од одбраната
4. Реплика
5. Дуплика

# НАЧИНИ НА ИСПИТУВАЊЕ

1

**ДИРЕКТНО ИСПИТУВАЊЕ**

**странката што го предложила**

2

**ВКРСТЕНО ИСПИТУВАЊЕ**

**спротивната странка**

3

**ДОПОЛНИТЕЛНО ИСПИТУВАЊЕ**

**Го врши повторно страната која го предложила сведокот/вештакот**

4

**ВКРСТЕНО ИСПИТУВАЊЕ**

**на сведок од страна на странката што го предложила**

www.designfreebies.org

# ИСПИТУВАЊЕ НА ОБВИНЕТИОТ

- На предлог на одбраната
- Се испитува согласно со правилата за испитување на сведок
- Читање или репродуцирање на исказот на обвинетиот даден во претходна постапка:
    - на главната расправа не даде исказ
    - на главната расправа даде исказ кој за одделни факти и околности се разликува

# ИСКЛУЧОК
# ОД НЕПОСРЕДНО ИЗВЕДУВАЊЕ НА ДОКАЗИТЕ



- **Со читање или репродуцирање на записници:**
  - за дадени искази на **доказно рочиште**
  - за дадени искази пред Јавен обвиител ако сведокот **починал**, **душевно заболел**, или е **недостапен**
  - за дадени искази пред Јавен обвинител ако сведокот бил изложен на **насилство, закана,** му било дадено **ветување на пари/друга корист** за да не сведочи или лажно да сведочи

# Улогата на судијата согласно ЗКП
# Правила на докажување

- Претседателот на советот го контролира начинот и редоследот на испитување на сведоците и вештаците и изведувањето на доказите
- Води сметка за ефикасност и економичност на постапката
- По приговор од странките ќе забрани прашање и одговор на прашање
- Ќе одбие изведување на доказ за кој смета дека е непотребен и без значење за предметот
- по приговор ќе забрани поставување на прашања кои во себе содржат прашања и одговор, освен при вкрстено испитување
- по предлог на странка ќе одобри вкрстено испитување на сведок – непријателски сведок
- се грижи за достоинството на странките

# Донесување на првостепена одлука

- Изрекување на пресуда
- Поврзаност на пресудата со обвинението (објективен и субјективен идентитет)
- Докази врз кои се заснова пресудата
- Видови пресуди
  - одбивателна
  - ослободителна
  - осудителна
- Објавување на пресуда
- Поуки и предупредувања
- Писмена изработка и достава

## Постапка по жалба
## - донесување на одлуки во второстепена постапка

- Судија известител
- Седница на совет – состав на судот
- Расправа пред второстепен суд – состав на судот со учество на судии поротници
- Забрана за менување на полошо
- Проширено дејствие на жалбата
- Привилегија на здружувањето
- Видови на одлуки

  - пресуди (потврдена, преиначена)

  - решенија (потврдување на првостепено решение, укинување на првостепена одлука, решение за отфрлање на ненавремена и недозволена жалба)

Република Северна Македонија
Академија за судии и јавни обвинители
Павел Шатев

# ОСНОВНИ ИНСТИТУТИ НА КАЗНЕНОТО ПРАВО

# КРИВИЧНО ДЕЛО

КРИВИЧНО ДЕЛО Е ПРОТИВПРАВНО ДЕЛО ШТО СО ЗАКОН Е ОПРЕДЕЛЕНО КАКО КРИВИЧНО ДЕЛО И ЧИИ ОБЕЛЕЖЈА СЕ ОПРЕДЕЛЕНИ СО ЗАКОН

# НАЧЕЛА

- ЗАКОНИТОСТ (во определувањето на кривичните дела и на пропишувањето на кривичните санкции)
- ЗАДОЛЖИТЕЛНА ПРИМЕНА НА ПОБЛАГ ЗАКОН
- ЗАБРАНА ЗА РЕТРОАКТИВНО ВАЖЕЊЕ НА ЗАКОНИТЕ
- ЗАБРАНА ЗА АНАЛОГИЈА

# ОСНОВИ ЗА ИСКЛУЧУВАЊЕ НА ПРОТИВПРАВНОСТА

-ДЕЛО ОД МАЛО ЗНАЧАЊЕ ( кривични дела за кои е пропишана парична казна или казна затвор до три години)

-НУЖНА ОДБРАНА

-КРАЈНА НУЖДА

# КРИВИЧНА ОДГОВОРНОСТ

-ПРЕСМЕТЛИВОСТ-ВОЗРАСТ

-ДЕЛО СТОРЕНО СО УМИСЛА

-ДЕЛО СТОРЕНО ОД НЕБРЕЖНОСТ АКО ТОА ГО ОПРЕДЕЛУВА ЗАКОНОТ

- ОДГОВОРНОСТ ЗА ПОТЕШКА ПОСЛЕДИЦА

-ДА НЕ Е ВО СТВАРНА И ПРАВНА ЗАБЛУДА

# ВИНА

СТЕПЕНИ НА ВИНА -УМИСЛА И НЕБРЕЖНОСТ

-ЗА КРИВИЧНИ ДЕЛА СТОРЕНИ СО УМИСЛА СЕ КАЗНУВА СЕКОГАШ

-ЗА КРИВИЧНИ ДЕЛА СТОРЕНИ ОД НЕБРЕЖНОСТ, СЕ КАЗНУВА САМО АКО Е ПРОПИШАНО СО ЗАКОН

# СТАДИУМИ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА КРИВИЧНО ДЕЛО

- ПОДГОТВИТЕЛНИ ДЕЈСТВИЈА, СЕ КАЗНУВА САМО АКО Е ПРОПИШАНО СО ЗАКОН

- ЗА ОБИД НА КРИВИЧНО ДЕЛО СО ПРЕДВИДЕНА КАЗНА НАД 5 ГОДИНИ ЗАТВОР СЕ КАЗНУВА СЕКОГАШ, ЗА ДРУГИТЕ ДОКОЛКУ Е ПРОПИШАНО СО ЗАКОН

- ДОВРШЕНО КРИВИЧНО ДЕЛО

# СТАДИУМИ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА КРИВИЧНО ДЕЛО

- УСЛОВ ЗА КАЗНУВАЊЕ (ИНКРИМИНАЦИЈА)

- СОИЗВРШИТЕЛСТВО

- СОУЧЕСНИШТВО (ПОТТИКНУВАЊЕ, ПОМАГАЊЕ), ЗАВИСНОСТ ОД ГЛАВНО ДЕЛО

- КРИВИЧНА ОДГОВОРНОСТ НА ПРАВНИ ЛИЦА

# ВИДОВИ САНКЦИИ

-КАЗНИ

-МЕРКИ ЗА БЕЗБЕДНОСТ

-АЛТЕРНАТИВНИ МЕРКИ

-ВОСПИТНИ МЕРКИ

# КАЗНИ

-КАЗНА ЗАТВОР

-ПАРИЧНА КАЗНА

-ЗАБРАНА ЗА ВРШЕЊЕ ПРОФЕСИЈА ДЕЈНОСТ ИЛИ ДОЛЖНОСТ

-ЗАБРАНА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО МОТОРНО ВОЗИЛО

-ПРОТЕРУВАЊЕ НА СТРАНЕЦ ОД ЗЕМЈАТА

-ЗАБРАНА ЗА ПОСЕТУВАЊЕ НА СПОРТСКИ НАТПРЕВАРИ

# АЛТЕРНАТИВНИ МЕРКИ

-УСЛОВНА ОСУДА

-УСЛОВНА ОСУДА СО ЗАШТИТЕН НАДЗОР

-ОПШТОКОРИСНА РАБОТА

-КУЌЕН ЗАТВОР

-УСЛОВНО ПРЕКИНУВАЊЕ НА КРИВИЧНАТА ПОСТАПКА

-СУДСКА ОПОМЕНА

# МЕРКИ НА БЕЗБЕДНОСТ

-ЗАДОЛЖИТЕЛНО ПСИХИЈАТРИСКО ЛЕКУВАЊЕ И ЧУВАЊЕ ВО ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА

-ЗАДОЛЖИТЕЛНО ПСИХИЈАТРИСКО ЛЕКУВАЊЕ НА СЛОБОДА

-ЗАДОЛЖИТЕЛНО ЛЕКУВАЊЕ НА АЛКОХОЛИЧАРИ И НАРКОМАНИ

-МЕДИЦИНСКО-ФАРМАКОЛОШКО ЛЕКУВАЊЕ НА СТОРИТЕЛИ ЗА ПОЛОВ НАПАД НА ДЕТЕ

- КОНФИСКАЦИЈА НА ИМОТ И ИМОТНА КОРИСТ

- ОДЗЕМАЊЕ НА ПРЕДМЕТИ

# Ви благодарам на вниманието

Зуица Наумова

Судија на Апелационен суд Скопје во пензија